# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ

**"Сл. весник на Р Македонија" број 48/99 од 29.07.1999 год.**

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со кредит во износ од 60 милиони ЕВРА, наменет за финансирање на проектот за градба на обиколка околу Скопје и делниците Демир Капија–Удово и Смоквица– Гевгелија од автопатот Е–75.

## Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со Договорот за кредит кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка.

## Член 3

Рокот на отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 25 години во кои се вклучени седум години грејс период.

Кредитот ќе се отплатува во 36 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември секоја година, почнувајќи од 15 ноември 2006, а завршувајќи на 15 мај 2024 година.

Каматната стапка ќе се определува при секое повлекување на траншите од кредитот, намалена за 2 процентни поени согласно со одредбите од Протоколот за финансиската соработка во рамките на Спогодбата за соработка склучена меѓу Република Македонија и Европската заедница на 27 април 1997 година во Луксембург.

## Член 4

Договорот за кредит од член 1 на овој закон во име на Република Македонија ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

## Член 5

Република Македонија ќе го отплаќа кредитот од член 1 на овој закон од приходите на Фондот за магистрални и регионални патишта и од Буџетот на Република Македонија.

## Член 6

Министерот за финансии на Република Македонија ќе склучи договор со Фондот за магистрални и регионални патишта за начинот на

евидентирањето, користењето, плаќањето и обезбедувањето на средствата од кредитот од член 1 на овој закон.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.